# Мониторинг бриф за месец ноември 2016 г. од следењето на Поглавјето 23 - правосудство, борба против корупција и темелни права

**I ПРАВОСУДСТВО**

**Независност**

**1. Основен Суд Скопје 1 – Скопје, оформување предмет по обвинителен предлог на СЈО**
Судечкиот судија кај кого беше распореден обвинителниот предлог на Обвинителството за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите (СЈО) против 7 лица осомничени за кривичното дело „Фалсификување на службена исправа" по добивање на предлогот, оформи предмет и закажа рочиште за 28.11.2016 година. Веднаш по поднесување на обвинителниот предлог, СЈО поднесе и барање за изземање на надлежниот судија. Според обвиителството, причината за изземање е тоа што деверот на судијата бил вработен во фирма која соработувала со фирмата Финзи. Фирмата Финзи е предмет на истрага и во друг предмет на СЈО – „Трезор" преку која се одвивала спорната набавка за опрема за УБК. Барањето за изземање беше одбиено од претседателот на судот, по што СЈО поднесе и жалба до Апелациониот суд Скопје. Овој суд ја потврди одлуката на првостепениот суд.[1]

**2. Осоновен Суд Скопје 1 – Несоодветен однос на претседателот Панчевски**
Еден ден по објавувањето на Извештајот на ЕК во кој е нотирано дека Македонија назадува во спроведувањето на реформите во судството, Основен Суд Скопје 1 објави соопштение[2] во врска со кривичната пријава која е поднесена против претседателот Панчевски од страна Иван Џолев, судија во истиот суд. Соопштението предизвика реакции во јавноста, каде беше оценето дека овој потег отсликува како претседателот Панчевски сериозно ги компромитирал самостојноста и независноста на Судот. Во соопштението е пренесена лична изјава на претседателот Панчевски кој ја информира јавноста дека целосно ги отфрла наводите дека сторил кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание" како неосновани и поднел кривична пријава против судијата Џолев за „Лажно пријавување кривично дело".

**3. Кривична пријава за градоначалникот на општина Центар, Андреј Жерновски**
Основното јавно обвинителство Скопје започна истрага против Андреј Жерновски за кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување" и за „неизвршување на судска одлука". Пријавата против градоначалникот е изготвена на 2.11.2016 година, во истиот ден кога се уриваше дивоградбата на претседателот на Кривичниот суд, Владимир Панчевски. Кабинетот на градоначалникот остро реагираше при што беше објавен текст на веб страницата на општината под наслов „ВМРО ДПМНЕ преку судството ја почна одмаздата врз Жерновски". Во текстот од Општината тврдат дека случајот е политички мотивиран на што Јавното обвинителство на РМ

[1] http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx?novost=574
[2] http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx?novost=580



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

објави демант. Според ЈОРМ кривичната пријава ја поднелео правно лице против градоначалникот на општина Центар на 26 октомври 2016 година. Кривичната пријава се однесува на постапувањата на општина Центар по барање за утврдување на правен статус за бесправно изграден објект, која што нема допирни точки со друг случај што е експлоатиран во изминатите денови.[3]

**4. Демант на Катица Јанева за нејзино членување во политичка партија**

Специјалната јавна обвинителка Катица Јанева ги демантираше информациите споделени со јавноста дека таа била член на политичката партија СДСМ. На социјалните мрежи и на некои телевизиски медиуми беа претставени уплатници за членарина во СДСМ. Јанева остро демантираше дека документите се веродостојни и апелираше до надлежните институции да реагираат на злоупотребата на нејзините лични податоци.[4]

**5. Судски Совет – времено упатување за вршење на судиска функција на судии**

Судскиот совет на Република Македонија извести дека на 237-та седница донел одлука за времено упатување за вршење на судиска функција на 5 судии (тројца од Куманово, еден од Тетово, еден од Неготино) во Основниот суд Скопје 1 – Скопје најдолго за период од 1 година од денот на упатувањето.[5]

**Непристрасност**

**1. Презакажување на главна расправа поради отсуство на адвокат на обвинет**

Основниот суд Скопје 1 објави соопштение во кое ја информираше јавноста дека адвокатското друштво Никола Додевски писмено го известило Судот дека адвокатот на второбвинетиот Миле Јанакиевски (екс министер за транспорт и врски) во предметот К.бр 1904/16 во врска со насилството пред Општина Центар, Никола Додевски е оневозможен да присуствува на главната расправа бидејќи е зафатен со дводневна работилница која била закажана пред да биде закажано рочиштето и побара презакажување на главната расправа. Судот го прифати неговото барање и ја презакажа главната расправа за 16.12.2016 година, за што ги извести странките.[6]

**2. Одбивање на жалби на СЈО за определување алтернативни мерки**

Основниот суд Скопје 1 ја продолжи праксата на опструкција на работењето на СЈО, па така Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција постапувајќи по жалбата на СЈО против решението на судија на претходна постапка од 04.11.2016 година за определување на мерки за претпазливост против три лица опфатени во предметот на СЈО во јавноста познат како „Трезор“ на одржана седница донесе решение со кое го потврди решението на судијата на претходната постапка и ја одби жалбата на СЈО за определување мерки на претпазливост за сите

[3] http://jorm.gov.mk/?p=3662
[4] http://www.jonsk.mk/2016/11/15/катица-јанева-нема-никаква-поврзанос/
[5] http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=466
[6] http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx?novost=582



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

три лица како неоснована.[7] Исто така, Кривичниот совет при овој суд, постапувајќи по жалба на СЈО изјавена против решение на судија на претходна постапка од 28.10.2016 година во предметот на СЈО познат како „Тендери“, донесе решение со кое жалбата на обвинителството се одбива, а се потврдува решението на судија на претходна постапка.[8] Со решението, судија на претходна постапка го одби предлогот на СЈО за определување мерки за претпазливост против две лица.

**3. Отфрлена кривичната пријава против претседателот на Основен суд Скопје 1 – Скопје**

ОЈО за гонење корупција и организиран криминал како неоснована ја отфрли кривичната пријава за примање наградa за противзаконито влијание против претседателот на Основен суд Скопје 1 поднесена од судија во истиот суд како неоснована. Оваа пријава предизвика бурни реакции во јавноста особено по скандалозното соопштение на Судот во кое се пренесуваат лични дефанзивни изјави на претседателот Панчевски по поднесената пријава. Според ОЈО, дејствието преземено од пријавениот не претставува реално или претпоставено влијание за постапување на истражниот судија распореден по истражниот предмет, бидејќи истото во себе не содржи наредба. Даденото Укажување дава насока како поефикасно и побрзо да се заврши истражен предмет согласно законот, кој многу години не бил завршен. Обвинителството објави дека против подносителот е поднесена кривична пријава за сторено дело Лажно пријавување на кривично дело.[9]

**Компетентност**

**1. Врховен суд на РМ – укажување за ажурност на судските служби во издавањето на уверенија на кандидати за пратеници**

Врховниот суд на Република Македонија до Основниот суд Скопје 1 – Скопје достави допис со кој го известува претседателот на Судот дека до претседателот на Врховниот суд е испратена ургенција од шефот на Изборниот штаб на СДСМ, со која се бара првостепениот суд да овозможи уредно и благовремено издавање уверенија за неосудуваност за кандидатите на листите за пратеници за потребите на престојните вонредни парламентарни избори.[10] Основниот суд Скопје 1 преку соопштение информира дека биле воведени дополнителни дежурства за издавање уверенијата и дека непотребно се политизира работата на судот и се злоупотребува ажурноста на судските служби со наводи дека преку судот се опструираат изборите. Во претходно соопштение[11], Судот порачува граѓаните навремено да ги доставуваат барањата за издавање уверенија и дека тие ќе бидат изготвени во рок од 5 до 7 дена зависно од обемот на работа.

**2. Трудова инспекција во Основен суд Скопје 1 и пријава од 11 судски службеници**

Трудовата инспекцијата ги проверуваше наводите на еден судскиот службеник кој тврдел дека бил деградиран во службата. Спротивно на тврдењата, Судот на инспекторите им појаснил дека

---

[7] http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx?novost=584
[8] http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx?novost=576
[9] http://jorm.gov.mk/?p=3701
[10] http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx?novost=579
[11] http://osskopje1.mk/Novosti.aspx?novost=578



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

службеникот бил унапреден. Но и покрај тоа, постапките на службеници, според Судот, довеле до нарушување на меѓучовечките односи поради што е поведена и дисциплинска постапка која може да резултира и со кривична одговорност. Службеникот тврди дека пресметката на претседателот Панчевски со него е поради тоа што тој учествувал во Шарената револуција. Поради тоа, според службеникот, не добивал пошта, а по некое време со задолжение бил преместен во Одделението за санкции и дислоциран во друга зграда.

11 судски кои службеници вработени во Основниот суд Скопје 1 побараа од Судскиот совет и од Советот за утврдување на факти да преземат мерки против претседателот на Судот, Владимир Панчевски. Според Судот четворица од нив ги повлекле потписите бидејќи не знаеле што потпишуваат. Според претседателот на Судскиот совет, случувањата во Кривичниот суд ги диктира претојниот избор за нов претседател. Кривичната пријава за претседателот Панчевски од судијата Џолев, наводната дивоградбата во центарот на Скопје на претседателот Панчевски, како и бунтот на судиите и судските службеници според Караџовски ќе влијаат на изборот.[12]

**Позначајни судски постапки**

**Предмет „Пуч“**

На 1-ви ноември беше закажано рочиште по предметот во јавноста познат како Пуч, но истото повторно беше одложено. Овој пат, според претседателката на судечкиот совет Љубинка Башевска, причина за одложувањето беше тоа што во советот биле назначени две нови судии поротнички кои сè уште се немаат здобиено со безбедносни сертификати. Специјалната јавна обвинителка Катица Јанева побара од останатите судии да ги покажат своите безбедносни сертификати, како во иднина би се избегнало повторно одложување на постапката поради истата причина. Претседателката на советот го одби ваквото барање и наведе дека специјалната јавна обвинителка нема право да го бара тоа од советот. Откако специјалната јана обвинителка продолжи да инсистира да се исполни нејзиното барање, беше опомената да не го нарушува редот во судницата. На прашање на бранителот на обвинетиот Зоран Заев, Филип Медарски, дали за рочиштето му била испратена покана на сведокот Никола Груевски, претседателката Башевска повеќе пати одби да одговори, за на крај да наведе дека сведокот не бил поканет поради тоа што и онака не биле исполнети процесните претпоставки за оддржување на рочиштето. Во моментот кога обвинетиот Зоран Заев сакаше да се обрати кон советот, претседателката Башевска, а по неа и судиите поротници, се свртеа и си заминаа од судницата. На обвинетиот не му беше даден збор и не му беше дозволено да постави прашање со што беше сторена суштинска повреда на одредбите на кривичната постапка. Постапката е одложена на неопределено време.

**Предмет „Зоран Божиновски“**

На 10-ти ноември се оддржа главна расправа по предметот во кој како обвинет се јавува новинарот Зоран Божиновски. Во својот исказ пред судот, Божиновски наведе дека процесот против него е политички прогон нарачан од поранешниот премиер Никола Груевски, а креиран од

[12] http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx?novost=583



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

Сашо Мијалков, поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање и Тони Јакимовски, шеф на неговиот кабинет . Како „оперативни извршители“ во процесот ги именуваше поранешната министерка за внатрешни работи Гордана Јанкуловска, Јавниот обвинител Марко Зврлевски, обвинителката Лиле Стефанова, судиите Татјана Михајлова, Ѓоко Ристов и Сандра Крстиќ, додека пак претседателката на судечкиот совет Ленка Давиткова ја нарече „судија самоубиец“. Додаде дека прогонот против него од страна на ВМРО - ДПМНЕ се одвивал во две фази, од кои првата во 2002 година кога бил претепан и се здобил со тешки телесни повреди со цел да го замолчат, додека втората кога се обиделе да го поткупат. Наведе и дека обвинителството воопшто не обезбедило докази против него и дека целиот обвинителен акт се темели на исказите на тројца сведоци. Во однос на горенаведеното, појасни дека исказот на сведокот Ванчо Шехтански всушност е во корист на неговата одбрана, сведокот Димитар Димовски го нема никогаш досега видено, додека пак исказот на сведокот Минчо Јорданов е контроверзен бидејќи наводно истиот доброволно во пет наврати на обвинетиот му дал сума од вкупно 30.500 евра. Божиновски истакна и дека овој предмет треба да биде под надлежност на Специјалното Јавно Обвинителство, кое е надлежно за предметот Шпион, во кој и самиот беше обвинет пред постапката против него да биде раздвоена. За време на оддржувањето на главната расправа, судијката Ленка Давитковска во два наврати го казни обвинетиот Божиновски поради навреда на судот со парична казна од вкупно 2.000 евра.

**Предмет „Тврдина 2“**

На 28-ми Ноември беше закажано рочиште по предметот во јавноста познат како Тврдина 2. Во овој предмет, како обвинети се јавуваат поранешниот началник на петтата управа Горан Грујовски и уште 6-мина вработени во УБК кои Специјалното јавно обвинителство ги товари за уништување на службена документација поврзана со незаконското прислушување. По повеќечасовна расправа помеѓу обвинителите од СЈО Ленче Ристоска и Трајче Пеливанов, претседателката на судечкиот совет Лидија Петровска и бранителите на обвинетите, околу тоа дали класифицираните докази предложени од СЈО смеат да бидат употребувани во постапката, односно дали истите треба да бидат декласифицирани, претседателката на советот го задолжи СЈО да обезбеди дозвола од органот што ги создал класифицираните информации предложени како докази, односно УБК и истите да бидат декласифицирани. Обвинителите инсистираа на тоа дека не постојат законски пречки за користење на овие докази. Бранителот на обвинетиот Горан Грујовски, Никола Додевски побара од судот да ги одбие доказите и истите да не може да бидат користени во постапката, бидејќи СЈО ги предложило без претходно прибавена дозвола од УБК за нивна употреба. Наредното рочиште е закажано за 17-ти Јануари

**II БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА**

**1. СЈО Отворање нова истрага „Таргет“**

СЈО на прес конференција пред јавноста ја претстави новата истрага под име „Таргет“ со која треба да се разјасни кој и како го вршел незаконското прислушување, чие обелоденување од страна на опозицијата е главна причина за општествената криза во Македонија која се уште трае. СЈО истакна дека располага со доволно материјални и вербални докази за отворање истрага под името Таргет,



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

за незаконско прислушување во период од 2008 до 2015 година, кога според СЈО биле прислушувани најмалку 5.827 телефонски броеви, за што осомничени се 10 лица, кои биле на раководни позиции или вработени во УБК. Обвинителките порачаа дека основното прашање на кое мора да одговори ова Обвинителство е кој, со кои средства и со кои методи и на крајот со кои мотиви незаконски прислушувал. Според доказите, постои основано сомнение дека првоосомничениот кој бил на раководна позиција во УБК без законско право слушал телефонски разговори за кои немало посебни истражни мерки. Според СЈО, за второосомничениот кој е раководител на оддел во УБК, постои основано сомнение дека со првоосомничениот и самостојано ја искористил службената положба и спротивно на правилата за следење на комуникациите го организирале процесот на незаконско следење преку злопотреба на потенцијалот на УБК. За третоосомничената, раководно лице на сектор на УБК, постои основано сомнение дека по насоки на второосомничениот ја злоупотребила службената положба со тоа што проследувала телефонски броеви кои требало да бидат внесени во системот без судска наредба само со налог за следење на комуникациите. Според обвинителката Фетаи, нападот врз човековите слободи и права е најсилниот удар врз едно цивилизирано демократско општество и дека сега е ред на таквото општество да возврати.[13]

**2. СЈО - Побаран предметот познат во јавноста како „Сопот“**

СЈО до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција поднесе барање за доставување на предметот познат во јавноста како „Сопот“. Предметот е побаран со цел да одлучат дали овој предмет спаѓа во надлежноста на СЈО, имајќи предвид дека јавно објавен е разговор од незаконски следените комуникации.[14] Од СЈО појаснија дека поднесеното обвинението против обвинетите во случајот „Сопот“ е поврзано со содржината и со кривичните дела кои произлегуваат од содржината на разговорот кој се однесува на наведениот случај, поради што имаат законска обврска да го побараат овој предмет. Од СЈО укажаа дека периодот од 2008 година до 2015 година кој е наведен во Законот за СЈО, се однесува исклучиво на времето на реализација на незаконски следените комуникациите, а не и на времето кога одреден настан се случил.[15]

**3. СЈО – Побарани дополнителни информации од телекомуникациски оператор**

Со Решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1, уважена е несогласноста која судијата на претходна постапка ја дал во врска со барањето на СЈО за издавање наредба за пребарување на компјутерски системи и компјутерски податоци во еден телекомуникациски оператор. Во образложението Кривичниот совет наведува дека наредбата е нејасна, непрецизна и општа и дека не е наведено прецизно одреденото место или опис каде ќе се изврши претресот, без да биде наведена адресата, конкретниот сектор или оддел во компанијата, ниту е наведен конкретен опис на видот и карактерот на уредите – компјутери. СЈО појасни дека во барањето за издавање наредба за

[13] http://www.jonsk.mk/2016/11/18/изјава-од-прес-конференција/
[14] http://www.jonsk.mk/2016/11/24/побаран-предметот-познат-во-јавноста/
[15] http://www.jonsk.mk/2016/11/29/случајот-сопот-поврзан-со-незакон/



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

претрес наведен е називот на системите, односно носителите на податоци, наведено е конкретно кои податоци се бараат и од кој телекомуникациски оператор конкретно. Во насока на постапување по забелешките на Судот, упатено е барање до телекомуникацискиот оператор за итно обезбедување на податоците кои според наоѓањето на Судот се неопходни за издавање на наредба за пребарување на компјутерски систем и компјутерски податоци.[16]

## III. ТЕМЕЛНИ ПРАВА

### Владеење на правото

Во текот на ноември, значајни беа промените на политичкиот амбиент во македонското општество, имајќи предвид дека се пристапи кон организирање на предвремените парламентарни избори, влегување во изборна кампања и ангажирање на институциите кои се одговорни за спроведување на фер и демократски избори.Министерството за внатрешни работи и министерот Оливер Спасов ја истакнаа потребата дека треба да се спречат секакви притисоци врз граѓаните на престојните избори. Во таа насока, министерот Спасов изјави дека: „Ниту еден од полициските службеници не смее да учествува во било која партиска кампања ниту да врши било каков притисок. Исто така сите структури, од началник па надоле, треба сериозно да внимаваат на било какви злоупотреби од државната администрација или директори на подрачните единици и доколку се забележи таков случај да се процесуира.“ Изјавата на министерот Спасов, со оглед на претходното искуство со полициското работење за време на избори, за кое јавноста беше информирана преку т.н. „бомби“, имаше за цел да апелира на „професионално работење од страна на припадниците на МВР од една страна и од друга страна партнерски односи со граѓаните.“[17]

### Слобода на изразување и плурализам во медиумите

Изборниот период имаше влијание и на медиумското работење, при што обидите за регулација на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги опфатија 18 програмски сервиси, а мониторингот беше извршен во периодот од 11 до 20 ноември, 2016 година. Преку мониторингот, Агенцијата утврди непочитување на законските одредби за платено политичко рекламирање за Трговското радиодифузно друштво Телевизија Нова ДООЕЛ Скопје, Трговското радиодифузно друштво Алсат-М ДОО Скопје и Трговското радиодифузно друштво Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип.[18] Дополнително, до Агенцијата беа поднесени Предлози за постапување од Привремената комисија за следење на медиумското претставување, и тоа по три барања за поведување прекршочни постапки за изрекување прекршочна санкција – глоба и пет барања за

[16] http://www.jonsk.mk/2016/11/24/побарани-дополнителни-информации-од/

[17] http://www.mvr.gov.mk/vest/3007
[18] http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3009%3A-77&catid=103%3Astari-info-srd-srd&lang=mk



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

поведување прекршочни постапки за изрекување прекршочна санкција – опомена. Прекршувањето на Изборниот законик ипрекршочните постапки за изрекување прекршошна санкција се однесуваат на: ТВ Нова ДООЕЛ, ТВ Сител ДООЕЛ, ТВ Алфа ДООЕЛ, ТВ 24 Вести ДООЕЛ Штип.[19]

Она што се наметна за време на изборниот период и медиумското претставување, а не беше поврзано со програмските определби на партиите, односно беше искористено за пропагандни цели, беше темата за „двојазичност“ или „федерализација“ на Република Македонија. Тие теми беа користени за политичка дискредитација на партиските опоненти, и како што беше забележано во Заклучоците од Извештајот на Мониторингот на демократијата во Македонија, подготвени од Институтот за комуникациски студии: „Телевизиите Сител, ТВ Нова, Канал 5 и Алфа за оваа тема [„двојазичност“] известуваа само во насока дека најавите на опозицискиот лидер за решавање на прашањето на употребата на јазиците е во насока на федерализација на земјата, што се поклопува со ставовите на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Во овие прилози опозицијата не добиваше можност да ја презентира својата страна, туку само беа користени изјави од нејзините членови што беа поврзувани во определениот контекст (...) Фаворизирањето на ВМРО-ДПМНЕ на овие телевизии се вршеше со различниот пристап во покривањето на предизборната кампања и во неколку случаи во некритичкото пренесување на мешањето на партијата и државата, кога лидерот на партијата Никола Груевски известуваше за нови странски инвестиции.“[20]

**Народен правобранител**
Од страна на повеќе здруженија на граѓани кои работат во областа на одбраната на човековите права беше констатирана прекумерена сила употребена за време на протестите кои се случуваа во Скопје за време на т.н. „Шарена револуција“. Во врска со тоа, значајно е што и Народниот правобранител, Иџет Мемети до Основното јавно обвинителство Скопје (ОЈО) поднел предлог за утврдување кривична одговорност против четворица полицајци и против други непознати службени лица од МВР за мачење и друго сурово, нечовечко и понижувачко постапување и казнување врз повредените Горјан Атанасов, Горан Наумовски, Бахри Реџепи и Димитрија Анѓелковски, дел учесници, а дел репортери од протестите на Шарената револуција во Скопје. За овој предлог Народниот правобранител посочи дека: „Од страна на посочените припадници на МВР, неселективно, кон одредени демонстранти биле употребени средства за присилба: тонфа, удирање со полициска палка и штитник и врзување на рацете со лисици.“[21]

**Дискриминација**
Во ноември беа поднесени 40 претставки против учебник „Општество“ за 4то одделение од страна на мајки што живеат во еднородителски семејства, вонбрачни заедници и брачни заедници, но

[19] http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3013%3A-24-&catid=103%3Astari-info-srd-srd&lang=mk
[20] http://respublica.edu.mk/modem/osmi-izvestaj/zaklucok.pdf
[21] http://sdk.mk/index.php/makedonija/krivichno-gonene-na-politsajtsite-za-machene-na-sharenite-revolutsioneri-bara-ombudsmanot/



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

кои сметаат дека учениците не треба да бидат изложени на дискриминаторска содржина. Претставките беа поддржани од 8 граѓански организации и испратени до Народниот правобранител и Државниот просветен инспекторат. Случајот со овој учебник беше актуелизиран во текот на октомври, кога на социјалните мрежи се алармираше дека Министерството за образование издало учебник „Општество“ за 4то одделение кој содржи дискриминаторски материјали врз основа на семеен и брачен статус, со кои се исклучуваат многу групи на родители.[22] Со претставките се упатува барање до Народниот правобранител и до Државниот просветен инспекторат да утврдат дискриминација и да му наложат на Министерството за образование и наука да започне постапка за издавање на нов современ учебник, со инклузивни содржини кои одговараат на потребите на учениците и родителите.

[22] http://mhc.org.mk/announcements/474#.WFlVS_krLIU



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.